РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-393/7
04. 10. 2023 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 59 седница одржана на 31.05.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Настава по англиски јазик и книжевност", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за странски јазици при Универзитет Американ Колеџ Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Настава по англиски јазик и книжевност", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за странски јазици при Универзитет Американ Колеџ Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран филолог во насоката Настава по англиски јазик и книжевност/Bachelor of Arts in Philology, concentration in Teaching English and literature.

Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки; Начно – истражувачко поле: 604 Наука за јазико (лингвистика), Научно – истражувачка област: 6404 Англиски, 64021 Изучување на странски јазици, 64022 Преведување.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 10 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 09-252/6 од 25.01.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Настава по англиски јазик и книжевност", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за странски јазици, Универзитет Американ Колеџ Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 02-443/1 од 31.01.2023 година (наш бр. 08 - 393/1 од 31.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 54-та седницата одржана на 09.03.2023 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 393/4 од 29.06.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образованиое („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 59-та седница одржана на 31.05.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова